Одговорено
27.09.2021

( Образец ПП……)

До **ОСНОВНИТЕ СУДОВИ**
**Берово, Битола, Велес, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Неготино, Охрид, Прилеп, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Скопје, Струга, Струмица, Тетово, Штип**
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр.86/08, бр.6/10,42/14, бр.148/15 и бр. 55/16), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
како студент на втор циклус (постдипломски) студии по Казнено право при Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје за подготвување на мојот магистерски труд на тема **Казнено-правни аспекти на безбедноста и квалитетот на храната со посебен осврт на измама со храна** под менторство на [redacted] ми се потребни статистички податоци за судски одлуки за следните кривични дела:

- Производство и пуштање во промет штетни прехранбени и други продукти (член 213)
- Несовесно вршење преглед на месо за исхрана (член 214)
- Неовластено производство, постапување и промет со опасни материи или штетни организми или семенски или саден материјал (член 232)
- Измамување на купувачи (член 248) **само кога се работи за измама со храна**

  Периодот за кој ми се потребни овие информации е од 2016 година до денес. За секое од овие кривични дела ми е потребна информација за број на осудени лица (физички или правни), одлука на судот ( дали пријавата е отфрлена, казнен платен налог, спогодба, обвинение, пресуда и сл), доколку е отфрлена причина за отфрлање и санкција (условна осуда, глоба, затворска казна) и колку изнесува истата (пр. 6м затворска казна, 6000 ден и сл.).

Во интерес на времето и појаснување Ви доставувам пример на табела која треба да се пополни:

| Кривично дело | Број на лица физички | Број на лица правни | Одлука на судот | Санкција | Причина за отфрлање |
|---|---|---|---|---|---|
| 213 | / | / | / | / | / |
| 214 | / | / | / | / | / |
| 232 | / | / | / | / | / |
| 248 | / | / | / | / | / |

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго---------------------------------------------------------------------------

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго---------------------------------------------------------------------------

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
----------------------------------------------------------------------------------------------------------

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје　　　　　　　　　　　　　　　　　　Датум 2.09.2021година

Проверено во сектор АКМИС нема податоци за бараните гл. 07.09.21